# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „ДАНОЧНИТЕ СИСТЕМИ И ПОЛИТИКИТЕ НА ДАНОЧНИ СТИМУЛАЦИИ ВО НЕКОИ ОДБРАНИ ЗЕМЈИ“ (СКРИПТА) ОД АВТОРОТ Д-Р ИЛИЈА ГРУЕВСКИ, ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр.1202-140/3 од 123. редовна седница на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет, одржана на 23.8.2016 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– доц. д-р Стеван Габер, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
– доц. д-р Марија Гогова-Самоников, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев – Штип,

за изготувување на извештај/рецензија на приложениот ракопис „**Даночните системи и политиките на даночни стимулации во некои одбрани земји**” од авторот **д-р Илија Груевски**, наменет за студентите на прв и на втор циклус студии на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Економски факултет го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Општи податоци за ракописот***

Може да се каже дека скрипта со наслов **„Даночните системи и политиките на даночни стимулации во некои одбрани земји”** претставува, всушност, едно логично продолжение на истражувачката работа на авторот **доц. д-р Илија Груевски.** Како што е познато, истиот автор веќе ја има издадено скриптата на тема **„Даночните стумулации како инструмент на фискалната политика”**, како негово потесно подрачје на интерес и специјалност од областа на фискалната политика и јавните финансии. **Целта на конкретнава скрипта** е да се презентира структурата на даночните системи и мерките на даночни стимулации кои ги применуваат најразвиените земји од светот, вклучително и некои земји од најблискиот регион. Во насока на постигнување на подобра компарабилност со домашните даночни одредби и мерки, на потенцијалните читатели дополнително е претствен и даночниот систем на Република Македонија, со посебен акцент на системот на директни даноци, како и на сетот на стимулативни мерки што истиот ги содржи.

**Текстот на скриптата** или поточно нејзиниот предмет претставува еден вид компаративна анализа на даночните системи и мерките на даночни стимулации, наменета за аналитичка споредба на структурата и карактерот на даночните системи, како и за примената и користењето на инструментите на даночните стимулации во некои од земјите во светот, и тоа конкретно според важечките национални регулативи од 2010 година. Детално внимание најпрвин е посветено на даночните системи и даночните мерки на претставниците на групата на економски најразвиените земји во светот (Организација за економска соработка и развој – ОЕЦД изворно). Понатаму, текстот се однесува на даночните системи и политиката на даночни стимулации на некои земји од Југоисточна Европа, а на крајот е даден опис на системот на директните даноци на РМ, како и на мерките на даночни и други видови стимулации според важечките правни прописи од 2011 година. Тука е потребно е да се напомене дека релевантноста на презентираните податоци не е смалена, иако информациите се црпени од поодминати извори, со оглед на фактот што структурата и карактерот на определен даночен систем не претствува предмет на динамични легислативни промени, туку пред сè на понезачестени и порадикални структурни реформи.

Сето ова овозможува конкретнава скрипта да послужи како дополнителен материјал, односно учебно помагало на студентите кои ги изучуваат предметите Јавни финансии

(3+2+2) и Локални финансии (2+1+1) во рамки на наставните програми од прв и втор циклус студии на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев”, но исто така таа нуди поволни можности за експлоатација на обработениот материјал и во рамки на новите, но сè уште неакредитирани програми од втор циклус студии и тоа конкретно по предметот Меѓународни даночни системи.

Оттука произлегува и компатабилноста на ракописот со студиските програми организирани од страна на Економскиот факултет и тоа конкретно со студиската програма Финансиски менаџмент, во чии рамки спомнатите предмети се застапени во II и III семестар, понатаму со студиските програми Сметководство, финансии и ревизија и Банкарство, финансии и осигурување, каде што одделните предмети се застапени во VII и VIII семестар, како и со програмата на насоката Менаџмент и претприемништво, со застапеност на еден предмет во I семестар.

***Податоци за обемот на ракописот***

Проблематиката што е предмет на обработка во скриптата е претставена во текст од вкупно 120 страници. Текстот во трудот е поткрепен со табели и графикони кои треба да помогнат во доближување и поедноставно претставување на материјата до студентите. Трудот е пишуван во А4 формат со проред 1.5, употребен е фонт Ariel, големина на буквите 11. Обемот на трудот и неговата содржина ги задоволуваат критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

***Податоци за постоење на ист или сличен наслов***

Рецензентите имаат сознание дека не постојат книги со потполно ист наслов **„Даночните системи и политиките на даночни стимулации во некои одбрани земји”**, но постојат други книги кои повеќе или помалку ја покриваат наставната материја од областа на јавните финансии, локалните финансии и фискалната економија. Исто така, веќе е спомнато дека авторот има издадено скрипта на тема **„Даночните стумулации како инструмент на фискалната политика”**, која претежно ги обработува мерките на даночни стимулации од теоретски аспект, но не и разните облици и структури на даночни системи кои практично се имплементираат во разни земји. Од ова произлегува дека гореименуваната скрипта претставува еден вид надополнување на неговата примарна научноистражувачка дејност.

Што се однесува до начинот на организирање на материјалот во скриптата, може да се заклучи дека авторот добро ја структурирал содржината и идејната поставеност на трудот, се разбира, сето тоа во согласност со однапред дефинираниот предмет на истражување. Сите концептуални делови на трудот се правилно и логички подредени, додека одделните тематски содржини се детално структурирани и методично презентирани. Притоа, во пишаниот збор е применет јасен и едноставен стил, додека при изработката на скриптата е употребен логичен и стручен пристап. Техничката обработка е солидна и на високо ниво, со соодветна компјутерска обработка во која се користени голем дел од расположливите технички помагала.

Исто така, согласно со законските норми, потврдуваме дека изработениот труд не претствува плагијат, со оглед што е закачен и спореден во базата на трудови на официјалниот софтвер на Министерството за образование и наука, со минимален процент на преземени зборови од 1,5%, кои се инцидентни и со претежно општ карактер.

***Краток опис на содржината***

Конкретната содржина на скриптата на д-р Илија Груевски која носи наслов „Даночните системи и политиките на даночни стимулации во некои одбрани земји” е претставена според следниот редослед:

Предговор
Општи согледувања
_ГЛАВА 1_: *Даночните системи и мерките на даночни стимулации во некои земји членки на ОЕЦД*
Соединетите Американски Држави (USA)
Германија
Обединетото Кралство (GB/UK)
_ГЛАВА 2_: *Даночните системи и мерките на даночни стимулации во некои земји од Југоисточна Европа*
Словенија
Србија
Хрватска
_ГЛАВА 3_. *Даночниот систем на Република Македонија*
Системот на директни даноци и мерките на даночни стимулации во РМ
Реформите на даночниот систем на РМ во насока на зајакнување на развојните перформанси
Препораки за редизајнирање на политиката на даночни стимулации
на РМ во согласност со меѓународната практика
Значењето на фискалниот фактор за инвестиционата политика и развојот
Наместо резиме: компаративни согледувања во врска со презентираните
даночни системи
БИБЛИОГРАФИЈА

Од прикажаната содржина се гледа дека според основните тематски единици, текстот е организиран во три посебни глави. Првата глава е посветена на даночните системи и мерките на даночни стимулации во некои земји членки на ОЕЦД, втората на даночните системи и мерките на даночни стимулации во некои земји од Југоисточна Европа и во третата глава е посветено посебно внимание на даночниот систем на Република Македонија. Гледано по конкретни земји, во првата глава се обработени даночните системи на Соединетите Американски Држави, Обединетото Кралство и Германија, како претставници на групата развиени земји чланки на ОЕЦД, додека во втората глава се претставени даночните структури на Словенија, Србија и Хрватска, како земји кои потекнуваат од непосредносто соседство, односно припаѓаат на регионот од Југоисточна Европа. Од оваа група на земји, Словенија и Хрватска се исто така членки на групацијата на ОЕЦД. Притоа, структурата и текот на компаративната анализа се сочинети на начин што овозможува полесно и поилустративно согледување на разликите и решенијата во споредбените даночни одредби на презентираните земји.

Така, на пример, најпрвин се претставени стандардните елементи на корпоративниот данок на доход, како што се даночната основа и одбитните ставки на даночната основа (амортизацијата, залихите и нивниот даночен третман), даночната стапка и даночните обврзници. Понатаму, се анализира регулативата за капиталните приходи, како што се каматите, дивидендите и капиталната добивка, како и обврската за нивно задржување, истакнати се правилата за трансферни цени и тенка капитализација, а осврт е даден и за даночниот третман и можностите за пренесување/пребивање на оперативната и капиталната загуба. Исто така, покрај стандардните елементи, опишани се и посебните специфики на данокот на компании во секоја земја, а посебно се презентирани и мерките на даночни стимулации кои произлегуваат од овој вид на данок.

На сличен начин е организирана и материјата која се однесува на персоналниот данок на доход. Покрај базичните даночни елементи (предмет, основа, обврзник, стапка), напомнати се и разните видови придонеси за задолжително социјално осигурување заедно со соодветните стапки. Од аспект на персоналниот данок, за повеќе земји е направен детален увид на т.н. стандардни и нестандардни олеснувања кои ги следуваат граѓаните, односно физичките лица обврзници по оваа основа.

На крај, од гореспоменатиот терк е даден одговор на прашањето за „реалниот" или „вистинскиот" носител на даночното оптоварување - прашање кое навлегува во

проблематиката на даночната инциденца. Во тој контекст, при анализата на ефектите од префрлувањето на даночниот товар или со други зборови, ефектите од т.н. „даночен клин”, посебно е дадена оценка за даночната инциденца на пазарот на работна сила, а посебно за пазарот на капитал.

Конзистентноста во излагањето на текстот е задржана и во третата глава која е посебно посветена на даночниот систем на Република Македонија, особено во делот кој го опишува системот на директни даноци составен од данокот на добивка и персоналниот данок на доход. На ова се надоврзуваат констатациите за остварените реформи на даночниот систем, со цел да се зајакнат неговите развојни перформанси. Оценка е дадена и за политиката на даночни стимулации и тоа во форма на препораки за редизајнирање во согласност со меѓународната практика, а посебно е истаканто и **значењето на фискалниот фактор** за инвестиционата политика и развојот, при што е потенцирана потребата од развивање на посебен модел за оценка на ефектите од мерките на даночната политика кои би требало да се применат во перспектива.

На крајот од скриптата, како еден вид резиме, направени се компаративни согледувања и заклучоци во врска со презентираните даночни системи.

Инаку, методолошката рамка ги опфаќа стандардните научноистражувачки методи кои вообичаено ги користи економската наука. Од многубројната палета на овие методи, како најкористени, соодветно на карактерот на обработуваната тема и проблематика со која се занимава скриптата се издвојуваат: квантитативно-квалитативниот метод, аналитичко-дедуктивниот метод, историско-емпирискиот метод, наративно-дескриптивниот метод, табеларниот метод, како и компаративниот метод. Иако во оваа скрипта не се користени математичко-статистички методи, накратко се спомнува методот на маргинални ефективни даночни стапки, кој обично се користи за проценка на ефектите од даночните мерки. Посебно внимание на споменатава методологија авторот ќе посвети во одделен практикум, кој во рамки на издавачката дејност би требало да се реализира во иднина.

На крајот е наведена користената библиографија, која брои прилично обемна литература, при што поголемиот дел е во вид на современа стручна литература и студии на меѓународните организации и институции, како што се ОЕЦД (OECD), Светската банка, Институтот за фискални студии (IFS), Центарот за европски економски истражувања (ZEW), а останатиот дел се состои од разни зборници, списанија, закони, билтени и слично. Притоа, вреди да се спомне дека голем дел од презентираните податоци се црпени од извештаите или поточно билтените на меѓународно признатите ревизорски куќи, како што се: „The E&Y Worldwide Corporate Tax Guide“ и „The E&Y Worldwide VAT, GST and Sales Tax Guide“ во издание на *Earnst&Young* и „The PKF Worldwide Tax Guide“ во издание на *PKF International*.

## З А К Л У Ч О К

На крајот, слободно може да се констатира дека се работи за солидно изработен истражувачки труд, кој изобилува со доста квалитетна научна, но и практично-компаративна содржина. Очекуваниот научен придонес на гореименуваната скрипта се огледа во добивањето на поголеми сознанија за формата и структурата на разните даночни системи кои се применуваат во светски најразвиените, но и во регионално најекспонираните земји.

Имајќи го сето ова предвид, задоволство ни е да му предложиме на Наставно-научниот совет на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип скриптата со наслов **„Даночните системи и политиките на даночни стимулации во некои одбрани земји”** од **д-р Илија Груевски** да биде одобрена за издавање и со тоа да стане достапна во форма на дополнителна или алтернативна литература, како на студентите, така и на пошироката научна и стручна јавност во РМ.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Доц. д-р Стеван Габер, с.р.**
**Доц. д-р Марија Гогова-Самоников, с.р.**